MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-2423/5
11-02-2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ----- ----- од С-----, на 26-та седница одржана на ден 07.02.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-2423 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2423/1 од 15.04.2019 година, доставена од подносителот ----- ----- од С-----, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12 -2423 од 2019 година.

Предметот со број 12 -2423 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2423 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2423/1 од 15.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ----- ----- од С-----.

Во пријавата се содржани наводи за незадоволство од постапување на судот и јавното обвинителство по предмет број -- - бр. --------, кој бил заведен пред Основен суд Скопје 1 и по кој постапувал судија ----- -----------, а кој бил оформен по поднесено обвинение од страна на ОЈО Скопје против Нотар ------ ----------, Адвокат ----- -------------- и Адвокат ----- ----------, за кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување, сторено пред 19 години, а за кој се уште немало судски епилог и постоела можност да настапи апсолутна застареност за кривично гонење на обвинетите.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до барање до Судски совет на РСМ за нивно произнесување/постапување во врска со предметните наводи.

На ден 25.07.2019 година, до Државната комисија доставено е известување дека во Судскиот совет на РСМ во тек била постапка по поднесена претставка од истиот подносител и по која биле вршени проверки на наводите изнесени во истата во насока на констатирање на состојбата за случајот.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на погоре констатираното, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во предметниот случај станува збор за случај по кој веќе постапува друг надлежен орган кај кого постапката е се уште е во тек, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 07 февруари 2020 година под бр. 12- 2423/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :

- Архива
- Подносителот


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk